**20100921716**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10), министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со министерот за економија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за здравство донесе

# НАРЕДБА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА УРЕДИ ЗА КЛИМАТИЗАЦИЈА ШТО СОДРЖАТ ХЛОРОФЛУОРОЈАГЛЕВОДОРОД (HCFC)

Член 1

Со цел превземање на мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина и природата, како и да се придонесе кон глобалните напори за заштита на озонската обвивка со оваа наредба се ограничува увозот на 20.000 уреди за климатизација што содржат хлорофлуоројаглеводород (HCFC) за периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година.

Член 2

Министерството за животна средина и просторно планирање, ги превзема неопходните мерки за спроведување на оваа наредба.

Член 3

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Бр. 07-5101/10
21 јуни 2010 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Неџати Јакупи,** с.р.

Министер за земјоделство шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

Министер за економија,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.

Министер за здравство,
д-р **Бујар Османи,** с.р.